РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-1737/3

Скопје 09.05.2022 г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер арх бр.1405-1880 од 18.04.2022 година (наш арх.бр.12-1737/1 од 18.04.2022 година), дополнето на 05.05.2022 година арх бр.1405-79/12 (наш арх бр.12-1737/2 од 05.05.2022 година), поднесено од барателот на информација Комисија за следење на препораката на Владата на РСМ за јазично покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски содржини на територијата на Македонија, преку Агенција за електронски комуникации, со седиште на Кеј Димитар Влахов бр.21, Скопје, e-mail: преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, , претседател на Комисијата, на ден 06.05.2022 година донесе:

## РЕШЕНИЕ

**1. СЕ ОТФРЛА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер арх бр.1405-1880 од 18.04.2022 година (наш арх.бр.12-1737/1 од 18.04.2022 година), дополнето на 05.05.2022 година арх бр.1405-79/12 (наш арх бр.12-1737/2 од 05.05.2022 година), поднесено од барателот на информација Комисија за следење на препораката на Владата на РСМ за јазично покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски содржини на територијата на Македонија, преку Агенција за електронски комуникации, со седиште на Кеј Димитар Влахов бр.21, Скопје, e-mail: , преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, , претседател на Комисијата.

## Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација Комисија за следење на препораката на Владата на РСМ за јазично покривање на официјален јазик на радиодифузерите кои реемитуваат спортски содржини на територијата на Македонија, преку Агенција за електронски комуникации, со седиште на Кеј Димитар Влахов бр.21, Скопје, e-mail: , преку застапник/полномошник на барателот на информацијата, , претседател на Комисијата, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

карактер арх бр.1405-1880 од 18.04.2022 година (наш арх.бр.12-1737/1 од 18.04.2022 година), дополнето на 05.05.2022 година арх бр.1405-79/12 (наш арх бр.12-1737/2 од 05.05.2022 година). Со наведеното барање се бара да се доставаат лиценци/дозволи од надлежните регулаторни тела за радиодифузно реемитување на територијата на РСМ на следните ТВ канали:

а) Спорт Клуб за канали од 1 до 10, Спорт Клуб HD, Спорт Клуб E Sports, Спорт Клуб Fight, Лов и Риболов и Спорт Клуб Голф;

б) Арена Спорт за канали од 1 до 5, Арена спорт Премиум 1, Арена Спорт Премиум 2, Арена спорт Премиум 3 и Арена Fight, и

в) Еуроспорт за канали: Еуроспорт и Еуроспорт 2“

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека не располага со бараните информации од јавен карактер, односно не располага со лиценци/дозволи за радиодифузно реемитување за територијата на РСМ издадени од надлежни регулаторни тела. Во досегашната пракса Агенцијата никогаш не се сретнала со вакви документи поради тоа што ниту еден регулатор од областа на медиумите не издава лиценци/дозволи за радиодифузно реемитување. Поради тоа, Агенцијата како имател на информации одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

______________________
Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

______________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.